# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 32-а став (4) од Законот за ѓубрива ("Службен весник на Република Македонија " бр. 110/07, 20/09, 17/11, 148/11 и 69/13 ), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА МОНИТОРИНГ ВО ОБЛАСТА НА ПРОИЗВОДСТВОТО, ПРЕРАБОТКАТА, СКЛАДИРАЊЕТО, ДИСТРИБУЦИЈАТА, УПОТРЕБАТА И СООБРАЗНОСТА НА ЃУБРИЊАТА, КАКО И КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТОТ НА ЃУБРИЊАТА

## Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на вршење на мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубрињата, како и контролата на квалитетот на ѓубрињата.

## Член 2

(1) Мониторингот во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубрињата, како и контролата на квалитетот на ѓубрињата се спроведува преку мерење, следење, оцена и контрола на параметри за идентификација и докажување на квалитетот ѓубрињата при увоз, извоз, преработка, складирање, дистрибуција, употреба и сообразност на ѓубрињата , како и при следење во сите фази од процесот на производство, со земање на мострите од ѓубрињата.

(2) Податоците од мониторингот од став (1) на овој член се објавуваат на веб страната на Фитосанитарната управа.

## Член 3

(1) Мониторинг при производство и преработка се спроведува на тој начин што Државниот инспекторат за земјоделство зема мостри по случаен избор од различни точки од секоја шаржа која се контролира, а од секоја шаржа што се испитува зема мостра одделно.

(2) Поединечните мостри се земаат од повеќе различни места каде што е дистрибуирана шаржата на ѓубриња и повеќе различни места на производство и преработка и тоа:
1) Од ѓубрето произведено и преработено во цврста состојба во една шаржа, се земаат три мостри од еден кг за просечна проба за анализа по случаен избор;
2) Од ѓубрето произведено и преработено во течна состојба во една шаржа, се земаат три оргинални пакувања по случаен избор од секој тип на ѓубре;
3) Од ѓубрето произведено и преработено во ринфузна цврста состојба од иста шаржа, се земаат три мостри по случаен избор во количина од еден кг и
4) Од ѓубрето во ринфузна течна состојба кое е произведено и преработено во буриња или канистри од иста шаржа се земаат три мостри по случаен избор во количина од еден литар.

## Член 4

(1) Мониторинг при увоз се спроведува на тој начин што инспектор од Државниот инспекторат за земјоделство зема мостри по случаен избор од различни точки од секоја пратка која се увезува и тоа:
1) Од ѓубрето увезено во цврста состојба од иста шаржа, се земаат три мостри по еден кг за просечна проба за анализа по случаен избор;
2) Од ѓубрето увезено во течна состојба од иста шаржа се земаат три оргинални пакувања по случаен избор од секој тип на ѓубре од пратката;
3) Од ѓубрето увезено во ринфузна цврста состојба од иста шаржа, се земаат три мостри по случаен избор во количина од еден кг и
4) Од ѓубрето во ринфузна течна состојба кое се увезува во буриња или канистри се земаат три мостри по случаен избор во количина еден литар.

## Член 5

(1) Мониторинг при извоз се спроведува на тој начин што инспекторот од државниот инспекторат за земјоделие зема мостри по случаен избор од различни точки од секоја пратка која се извезува и тоа:
1) Од ѓубрето што се извезува во цврста состојба од иста шаржа се земаат две мостри по еден кг за просечна проба за анализа по случаен избор;
2) Од ѓубрето што се извезува во течна состојба од иста шаржа се земаа две оргинални примероци по случаен избор од секој тип на ѓубре;
3) Од ѓубрето што се извезува во ринфузна цврста состојба, се земаат две проби по случаен избор во количина од еден кг и
4) Од ѓубрето во ринфузна течна состојба што се извезува во буриња или канистри се земаат две мостри по случаен избор во количина по еден литар.

## Член 6

(1) Контролата на квалитетот на ѓубрињата ја спороведува Државниот инспекторат за земјоделие преку контрола при увоз, извоз и пласирање на пазарот по случаен избор и тоа:
1) Од ѓубрето кое се пласира во цврста состојба од иста шаржа, се земаат две мостри од еден кг за анализа по случаен избор и
2) Од ѓубрето кое се пласира во течна состојба од иста шаржа, се земаат две мостри од оргинални примероци по случаен избор од секој тип ѓубре.

## Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр.17-200/3
20 ноември 2013 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Љупчо Димовски** , с.р.